# Вест Живот

## "Наши графити" се враќа на Радио 2

Некогашното најпопуларно радиошоу на "Радио 2" (Македонско радио, втора програма) "Наши графити", кое извесно време се емитуваше на "Канал 77", како "Нови графити", повторно се враќа дома. Секоја сабота, почнувајќи од оваа, на добро познатите фреквенции 94,1 и 92,4 за Скопје, и 96,1, 97,7 и 90,5 за Македонија, од 14 до 19 часот, заедно со водителот Александар Блажевски, продуцентот Тоше Ивановски (ди-џеј Ти) и нивната екипа, ќе уживаме во богатото мени на "графитите". Музика, забава, најтазе трачеви, естрадни гости, муабети со слушателите, многу награди... се само дел од содржините на шоуто кое пред две години ја доби "Златната бубамара на популарноста" за најслушана радиоемисија. Популарните Лила, Жиле и Нора се заштитните џингл-водителски гласови, а златното грло на Фани ги испеа музичките џинглови, дело на Јован Јованов. "Наши графити", добре дојдовте дома! Шоуто може да започне! (М.Џ.)

## Коцев ќе пее во дует со Цеца Славковиќ



Поп-пејачот Александар Коцев (21) ќе промовира песна во дует со српската пејачка Цеца Славковиќ. Оваа песна, која има денс ритам, ќе се снима во студио по избор на Цеца. Договорено е спотот за песната да го изработи "Томато продукција" .

Коцев веќе размислува и за претстојните настапи на фестивалите "Канео фест" и "Скопски фестивал", а како дел од неговите идни планови е и издавање на албум. На албумот кој треба да излезе напролет, поради обврските за студиите по медицина, ќе се најдат и неговите први три песни. *(В.П.)*

## Во "Рим - Париз" на штрудла од јаболка

Кафулето "Рим -Париз" во ГТЦ, одамна го има имиџот на зборно место на познати фаци од јавниот живот. И тоа од политичари, директори на познати фирми, професори, новинари, разни ТВ-фаци, пејачи, глумци...Просто кажано, нема ден или саат, а да не се забележи некоја видна фаца. И тоа почнувајќи од 9 наутро, па до затворање на кафулето, секогаш е полно. Покрај вообичаеното кафе муабет или појадок, во "Рим -Париз" каде што неизбежни се солени кифли, разни салатки, пршута и кашкавал на штица, ладни или топли сендвичи, се седнува и на пица, пастрамалија, шпагети, торти, овошни салати, на сладоледи...Но она што е сепак белег на кафулето и заради што најчесто се седнува, покрај деловните состаноци, е штрудлата од јаболка.*(А.Г.)*

## Маја Вукичевиќ наскоро со првенче



*Албумот ќе се вика "Зборови", според макфестовскиот хит*

Долгонајавуваниот деби албум на атрактивната Маја Вукичевиќ конечно е готов. Маја на својата публика ќе ѝ понуди 13 нови песни, 9 веќе чуени хитови, и 4 нови. Албумот ќе се вика "Зборови", според макфестовскиот хит, а интересен е ремиксот на "Слепец", изработен заедно со "Новоградска". Целата работа околу албумот му е доверена на Кристијан Габровски, и авторски и продукциски. Како ударен сингл ќе го видиме "Не се плашам", со спот на веќе докажаниот соработник на Маја Дејан Миличевиќ. Официјалната промоција на материјалот, наскоро...

*(М.Џ.)*

## Саша Драгаш: Само Копров прави песни по мој вкус



Словенечкиот пејач Саша Драгаш подготвува нов албум, на кој сите песни ќе бидат на познатиот македонски композитор Григор Копров. Копров деновиве беше во Љубљана каде што, всушност е и договорена соработката, и тоа не само за песни за албумот туку тој за Драгаш ќе подготвува песни за повеќе балкански фестивали.

- Додека да биде албумот, веќе го преработивме вашиот хит "Црно тиквешко", а ќе има многу изненадувања и песна од Копров што ќе ја пеам на познатиот фестивал "Сунчане скале" во Херцег Нови. Копров е човекот што долго време го барам и од сега натаму само со него ќе соработувам. Само тој може да ми направи песни по мој вкус - вели Драгаш.

Генерациите од поранешна Југославија Саша Драгаш го паметат како гитарист и вокал на популарните словенечки групи "Рандеву" и "Гу гу". Подоцна си заминува од групата и ја почнува својата соло-кариера, потпомогната од члeновите на познатите групи "Булдожер" и "Видеосекс".

Неговиот прв албум беше прогласен за најдобро продаван деби албум во Словенија, а со спотот на минатогодишниот хит "Јас сум доволно луд" беше на прво место на националната топ-листа.